Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр26-3799/1
04.2012 год.
Јуриј Гагарин 15,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk
Управа за водостопанство
Република Македонија
Тел. (02) 3111792

Врз основа на Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 136/2007), а според "Упатствата за набавка на добра и услуги во рамките на финансиската соработка на земјите во развој" на KfW банката и Договорот за заем помеѓу владите на Република Македонија и Сојузна Република Германија, за финансирање на проектот "Програма за наводнување на јужната долина на Вардар", Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, објавува

ОТВОРЕН ПОВИК Бр. 26-3799/1 - 2012

## 1. Набавувач

Набавувач е Министерството за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство.

## 2. Процедура за набавка

Тендерот ќе биде отворен, со еднакви услови за сите физички и правни лица кои учествуваат поединечно или групно (конзорциум). Набавката ќе ја врши Комисија за јавни Набавки при Министерството за Земјоделство, Шумарство и водостопанство.

## 3. Предмет на набавка

Предметот на оваа набавка е избор на "Најповолен понудувач за Проектантски услуги за изработка на основен проект за системи за наводнување, за проектот Програма за Наводнување на Јужната Долина на Вардар Фаза 2 - Пакет 1".

## 4. Како да се добие тендерската документација

Тендерската документација ќе биде издавана на заинтересираните понудувачи по уплатата на 7.000,00 ден на сметка на МЗШВ број 140010028061319 приходно конто 725930 програма 12, цел на дознака" за тендерски документи". По добивањето на уплатата документите може да бидат подигнати од Управата за Водостопанство при Министерството за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство, улица Даме Груев блок 2 локал 2, 1000 Скопје, секој работен ден од 09:00 до 15:30 часот. Тел. 02-31-11-792 или 02-32-11-997. Контакт лице Мирјана Стојчевска.

## 5. Доставување на понуди

Понудите, подготвени според барањата на тендерската документација да бидат поднесени најдоцна до 07.05.2012 до 12:00 часот во архивата на Министерството за Земјоделство,
Шумарство и Водостопанство (МЗШВ),
Јуриј Гагарин 15, 1000 Скопје.

## 6. Отворање на понудите

Отворањето на техничкиот дел од понудите ќе се изврши од страна на Комисијата за јавни набавки, на ден 07.05.2012 во 12:00 часот, во просториите на Министерството за Земјоделство, Шумарство и водостопанство (МЗШВ), Јуриј Гагарин 15, 1000 Скопје, во присуство на овластени претставници на понудувачите.

## 7. Доказ за Економска и Финансиска Состојба

Понудувачите задолжително со понудата треба да ги достават следниве документи

- Извештај на состојба и Биланс на состојба од Централен регистар
- Документ за регистрација на фирмата за вршење на дејноста (ДРД образец)
- Писмен доказ дека понудувачот не е под стечај, и не е отворена ликвидациона постапка.
- Доказ од надлежен орган дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност.
- Потврда од УЈП за платени даноци придонеси и други јавни давачки.

Сите документи треба да бидат во оригинал или копија заверена на нотар, и да не бидат постари од 6 (шест) месеци. Дополнително понудувачите треба да ги почитуваат критериумите за поднесување кои се дадени во тендерската Документација.

## 8. Важност на Понудите

Понудите мора да бидат важечки за период од 90 дена по покрајниот рок за поднесување на понудите.

9. **Критериуми за избор и доделување**

За оценување на квалификацијата и техничката способност на понудувачите ќе бидат користени критериуми дадени во долната табела. Во случај на заеднички Настап/ Конзорциум, ќе се сметаат комбинирани информации.

Табела: Минимум критериуми за избор-квалификација на можните понудувачи:

| **Концепт и Методологија** | **30 поени** |
|---|---|
| Критични Анализи на Програмски Цели и Проектната Програма и комплетноста на понудата во споредба со обемот на услугите<br><br>Предложен Концепт и Методологија, Опис на услугите и методологија на пристап, План за Имплементација на Проектот, Генерални и Индивидуални Работни Планови, Распоред на задачите на Персоналот, Мониторинг на Програмата и Координација. | 5<br><br>25 |
| **Искуство на Компанијата** | **20 поени** |
| Општо искуство на компанијата<br>- Искуство во водење слични проекти<br>  - >5 проекти во последните 10 години<br>  - 3-5 проекти во последните 10 години<br>  - <3 проекти во последните 10 години<br><br>- Финансиски капацитет на фирмата – минимум 1 милион евра годишен обрт за последните 5 години за секој пакет.<br><br>Соодветност за овој конкретен проект<br>- Достапното знаење специфично за овој проект. | <br><br>10<br>6<br>2<br><br>5 ако да/ 0 ако не<br><br><br>5 |
| **Квалификација на предложениот Персонал** | **50 поени** |

| | |
|---|---|
| **Проектирање (*)** | |
| Проект Менаџер | 5 |
| Главен Инженер Проектант | 20 |
| Машински Инженер | 10 |
| Електроинженер | 5 |
| Хидрогеолошки Инженер | 10 |

Комисијата ќе го изврши изборот на најповолен понудувач во два чекора:

- во првиот чекор ќе бидат отворени само Техничките понуди и оценети врз основа на критериумите од тендерската документација. За вториот чекор ќе се квалификуваат само понудите на понудувачите кои имаат најмалку 75 поени од вкупно 100.
- Во вториот чекор, финансиските понуди ќе бидат отворени само на квалификуваните понудувачи. По верифицирањето и поправањето на аритметичките грешки, Вкупните поени ќе бидат составени од поени за техничката и финансиската понуда.

Крајна оцена = 0.70*добиена техничка + 0.30*добиена финансиска оцена.